**Агенција за промоција и поддршка**
**на туризмот на Република Северна Македонија**

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-543/5
10.11. 2022 год./viti
Скопје / Shkup

Архивски знак. 0201
Рок на чување. трасен
10.11. 2022 год.
Потпис

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА
# НА
# СОВЕТОТ НА АППТРМ

Скопје,
Ноември, 2022

Врз основа на член 17-в од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам ("Службен весник" на РМ бр. 103/08, 156/10, 9/12 187/13 , 41/14 и 83/18 ) претседателот на Советот на Агенција за промоција и подршка на туризмот, на седницата одржана на 15.09.2022 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за работа на Советот на
## Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република С. Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник поблиску се утврдува внатрешната организација и се уредува начинот за работење на Советот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот), Претседателот на Советот на Агенцијата и другите органи, како и други прашања од значење за работата на Советот на Агенцијата.

Член 2

Одредбите од овој Правилник соодветно се применуваат и при работа на Советот на Агенцијата во случај на постоење на воена или вондредна состојба, ако со овој Правилник или со друг општ акт не е поинаку одредено.

### 1. Претседател и членови на Советот
### Претседател на Советот

Член 3

Претседателот на Советот

- Свикува седници на Советот и на нив претседава
- Ги потпишува актите што ги донесува Советот и се грижи за нивно спроведување
- Ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на Советот во целина и на неговите членови
- Остварува соработка на Советот со другите органи на Агенцијата по прашањата од заеднички интерес
- Се грижи за извршување на политиката и принципите за развој и работа на Агенцијата
- Одлучува за одржување на состаноци и советувања во врска со разгледување на прашања во надлежност на Советот
- Врши и други работи во согласност со законот и со овој Правилник.

Член 4

Претседателот на Советот има право да има и заменик-претседател кој се избира од редот на преставници на Советот, со мнозинство од присутните на конститивна седница

Член 5

На претседателот на Советот во вршењето на неговите права и должности му помагаат членовите на Советот.

Претседателот на Советот може да им довери на членовите на Советот вршење на одделни работи што произлегуваат од неговата надлежност.

Членовите на Советот се грижат за извршување на работите од надлежност на Советот и ја координираат работата на комисиите или советодавните тела на Советот, како и работата на органите на Агенцијата по одделни прашања за кои ќе ги задолжи претседателот на Советот.

**Членови на Советот**

Член 6

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат на седниците на Советот, да предлагаат претресување на одделни прашања од надлежност на Советот, да учествуваат во претресувањето и одлучувањето за прашања за кои се расправа на седници на Советот, да даваат иницијатива за подготвување на одделни материјали и да бидат запознаени со можните решенија и алтернативи, да му предлагаат на Директорот на Агенцијата утврдување на начелни ставови и насоки за работата на органите на Агенцијата, да учествуваат во работата на телата на Советот во согласност со законот, Статутот на Агенцијата и овој Правилник.

Секој член на Советот има право да бара Советот да заземе став по прашање од значење за спроведување на утврдената политика и принципите за развој и работа на Агенцијата и за извршување на актите на Агенцијата.

Член 7

Членот на Советот, кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Советот, е должен за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот.

Членот на Советот, кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот е должен да побара одобрение за отсуство од седниците. По тоа барање Советот одлучува без расправа.

Институцијата од која е номиниран членот има право да номинира/овласти друг член кој може да присуствува на седницата на Советот

Член 8

Секој член на Советот е лично одговорен за својата работа и за работата на Советот во согласност со своите права и должности.

Член 9

Членот на Советот, во согласност со Законот и Статутот е должен да ја чува деловната тајна.

Како тајна се сметаат податоците што членот на Советот ќе ги дознае на седницата на Советот или на седницата на комисиите и советодавните тела во врска со прашањата за кои на седницата се расправа.

За тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Советот и на комисиите и советодавните тела во врска со прашањата за кои на седницата се расправа.

## 2. Внатрешна организација на Советот

### Работни тела на Советот

Член 10

За разгледување на прашања од неговата надлежност, за давање мислења и за подготвување предлози за одделни прашања, Советот образува комисии и советодавни тела.

За работи од подолготраен и покруцијален карактер, Советот формира комисии.

Советот, за работи од неговата надлежност, формира и советодавни тела, кои се од времен карактер.

Во разгледувањето на прашањата од надлежност на Советот, работните тела обезбедуваат соработка и усогласување на мислењата на членовите на Советот и покренуваат иницијатива за донесување на одделни акти и преземање на соодветни мерки за прашања од надлежност на Советот.

Член 11

Комисиите и советодавните тела на Советот се формираат и нивниот делокруг и начин на работа се утврдуваат со овој Правилник.

Со актот за формирање на овие тела се определеуваат нивните задачи, начинот на работата, составот и периодот за кој се основаат.

Во итни случаи, работни групи за извршување на определени задачи и за давање мислења и предлози на Советот, може да формира и претседателот , за што го известува Советот на првата наредна седница.

Член 12

Советот за определени прашања од својата надлежност, соработува и со стручните оддели односно сегменти на Агенцијата.

Стручните оддели односно сегменти од став 1 на овој член на барање на Советот или по сопствена иницијатива, разгледуваат и даваат стручни мислења за определени прашања од значење за Агенцијата, понатаму за прашања од економски, како и од друг карактер.

Член 13

Работните тела на Советот имаат координатор и најмалку два члена.

Координаторот и членовите на работните тела можат да бидат разрешени и пред истекот на времето за кое се именувани.

Член 14

Во составот на работните тела, утврден со одлука за формирање, покрај членовите на Советот, се именуваат и лица, кои се истакнати во својата работа и имаат афинитет кон одделните дејности.

Работните тела ја помагаат работата на Советот.

За работењето, комисиите го известуваат Советот каде се одлучува со мнозинството на гласови од вкупниот број на членови.

Член 15

Во работата на работните тела може да учествуваат и вработени лица кои раководат со одделни органи на Агенцијата.

Член 16

Работното тело, на првата седница, од редот на своите членови определува заменик на претседателот кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

## Начин на работа на работните тела

Член 17

Работните тела на Советот работат на седница.

Претседателот на работното тело се грижи за организирање и подготвување на седниците на работното тело, свикува седница на телото, претседава на седниците, предлага дневен ред и се грижи за остварување на заклучоците на работното тело.

Претседателот на работното тело ги свикува седниците по своја иницијатива, по предлог од член на работното тело, врз основа на заклучок на работното тело или по барање од претседателот на Советот.

Член 18

Во случај на спреченост или отсутност на член на работното тело, членот на работното тело го известува претседателот на работното тело.

Ако член на Советот, кој не е член на работното тело, е заинтересиран да учествува во работата на работното тело по одделни точки од дневниот ред, своето учество претходно го најавува кај претседателот на работното тело.

Член 19

Дневниот ред на седницата на работното тело се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред се внесуваат и сите прашања што ги предложил претседателот на Советот.

Член 20

Материјалите за седниците на работните тела се доставуваат најдоца пет дена пред одржувањето на седницата на работното тело.

Материјалите примени за седница на Советот, работните тела ги разгледуваат најдоцна три дена пред одржувањето на седницата на Советот.

Овие рокови не се однесуваат на материјалите што се разгледуваат по итна постапка.

Член 21

Работното тело може да одржува седница и да разгледува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број членови на телото.

Работното тело одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 22

Работните тела му поднесуваат писмени извештаи на Советот, со мислења и предлози по разгледаните материјали.

Координаторот на работното тело, по завршувањето на претресот по одделен материјал, го формулира ставот на телото по материјалот и по предложените мерки и заклучоци во него, како и заземените ставови и предлози на заклучоците што ќе му бидат предложени на Советот.

Работното тело задолжително зазема став по точките што се на дневен ред на неговата седница.

Ако работното тело од било кои причини не може да заземе став или да утврди заклучок по прашање што е на дневен ред на седницата, тогаш прашањето се одлага, по правило, за наредната седница на работното тело за дополнително разгледување.

По прашањето за кое не е заземен став или не е утврден заклучок на работното тело, Советот, по правило, не може да расправа.

Извештајот на работното тело се доставува до членовите на Советот заедно со поканата за седница на Советот, на која ќе се разгледуваат тие материјали, а најдоцна еден ден пред одржувањето на седницата на Советот.

Ако се работи за материјал што се разгледува по итна постапка и ако поради тоа работното тело немало можност да достави извештај во рокот од претходниот став, извештајот може да се достави до почетокот на седницата на Советот или работното тело може да го овласти претседателот на работното тело да поднесе усмен извештај на седница на Советот.

Претседателот на работното тело го известува претседателот на Советот за членот на тоа тело кој повеќе пати едно по друго неоправдано отсуствувал од седниците на телото. Телото може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

За работата на работното тело се грижи претседателот на работното тело.

## 3. Седници на Советот

### 3.1.Подготвување на метријали за седниците на Советот

Член 24

Материјалите за разгледување на седниците на Советот се изготвуваат и се доставуваат на начин определен со овој Правилник.

Предлог за разгледување материјали за седниците на Советот поднесува претседателот на Советот и членовите на Советот.

Член 25

Анализите, извештаите и информациите што содржат актуелни прашања што се однесуваат на остварувањето на работата на Агенцијата, по кои е неопходно Советот да заземе став, треба да содржат заклучни согледувања во вид на констатации и оценки и предлог на заклучоци.

Предлог-заклучоците се изготвуваат во облик и содржини во кои треба да ги усвои Советот и содржат конкретни мерки, работни задачи и задолжување на органите на Агенцијата, рокови и упатства за нивно извршување.

### 3.2. Соработка на Советот со директорот и другите органи на Агенцијата

Член 26

Советот во своето работење, за прашањата од суштинско значење за работата и развојот на Агенцијата, соработува и со директорот на Агенцијата, како и со останатите организациони сегменти на Агенцијата.

Советот по своја процена, бара мислења и врши консултација со спомenatite субјекти од став 1 на овој член.

Директорот како и останатите лица се должни да ги достават своите мислења писмено до Советот, најдоцна во рок од 10 дена од денот на приемот на материјалите, односно во пократок рок, кога се работи за прашања по кои треба итно да се заземе став или да се донесе одлука.

### 3.3 Доставување на материјали

Член 27

Материјалите за седниците на Советот, предлагачите ги доставуваат преку овластено лице на Агенцијата, а во придружното писмо означуваат дали материјалот се подготвува за разгледување на седницата на Советот или за информирање на членовите на Советот.

Советот определува лице заради координација при подготвувањето и доставувањето на материјали за седниците на Советот за прашања за кои е надлежен Советот.

Член 28

На материјалите од доверлива природа, предлагачот, со посебна ознака на насловната страница, го означува видот и степенот на тајноста.

За строго доверливи материјали, во Советот се води посебна евиденција и со нив се постапува во согласност со посебно упатство на претседателот на Советот.

## 3.4. Свикување на седниците и утврдување на дневниот ред

Член 29

Седниците на Советот ги свикува претеседателот на Советот, по сопствена иницијатива, по барање на најмалку два членови на Советот или по барање на директорот на Агенцијата.

Член 30

Предлогот на дневниот ред за седница на Советот го утврдува претседателот на Советот по свое наоѓање, но и по предлог на членовите на Советот, со усвојување на секоја седница.

Член 31

За денот, местото и времето на одржувањето на седницата на Советот, членовите на Советот писмено ги известува овластено лице на Агенцијата.

Со известувањето за одржување на седницата на Советот, на членовите на Советот им се доставуваат предлогот на дневниот ред и материјалите предложени за дневниот ред за седницата на Советот.

По исклучок, во случај на итност, седницата на Советот може да се свика усно, без наведување на предлог на дневниот ред и без доставување на материјали.

Кога тоа ќе го одобри претседателот на Советот, на седницата на Советот, присуствуваат и лица, кои се повикани да вршат определени задачи во врска со работата на Советот.

Член 32

Покана за седница на Советот и предлогот на дневниот ред се доставуваат најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата.

Член 33

Член на Советот кој е спречен да присуствува на седницата на Советот може своето мислење и предлози по материјалите што се на дневен ред на седницата да ги достави до претседателот на Управниот одбор писмено, пред почетокот на седницата.

### 3.5. Работа и одлучување на седниците на Советот

Член 34

Претседателот на Советот ја отвора седницата.

По утврдувањето на дневниот ред на седницата, што го предлага претседателот на Советот, пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница на Советот.

Членовите на Советот имаат право да стават забелешки на дневниот ред и записникот.

Записникот го потпишуваат претседателот, односно заменикот на претседателот на Советот што претседавал на седницата.

Член 35

Советот работи, освен во полн состав и во присуство на мнозинскиот дел од вкупниот број на членови на Советот, во присуство на претседателот на Советот.

Членови на Советот кои не можат физички да присуствуваат, можат да учествуваат на седницата на Советот со комуникација од далечина преку видео и аудио врска, доколку техничките услови тоа го овозможуваат.

Советот работи врз основа на утврдениот дневен ред.

На почетокот на претресот предлагачот може да даде кратко усно образложение по материјалот, односно по точката на дневниот ред.

Претседателот на Советот може да го ограничи времето на излагањето и дискусиите по одделни прашања на дневниот ред.

Член 36

Право да учествуваат по прашањата од дневниот ред и одлучувањето за прашањата што се на дневен ред на седницата имаат членовите на Советот.

Член 37

Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Одлуките, односно заклучоците на Советот ги формулира претседателот на Советот.

### 3.6. Записник

Член 38

За работа на седницата на Советот се води записник. Записникот го содржи дневниот ред на седницата, името на претседавачот на седницата, имињата на присутните и отсутните членови на Совет, имињата на другите субјекти кои по покана присуствуваат на седницата и заклучоците донесени по одделни точки од дневниот ред.

Секој член на Советот и друг субјект кој присуствувал на седницата, има право да бара неговите изјави и предлози да се внесат во записникот.

Записниците од седниците на Советот на кои се разгледувани материјали од строго доверлив карактер и заклучоците на Советот по нив, имаат ист вид и степен на тајност, како и материјалите што се разгледувани на тие седници, ако Советот за одделни случаи не одлучи поинаку.

За водење на записникот се грижи лице кое ќе биде овластено од страна на Претседателот на Советот.

**Акти на Советот**

Член 39

За остварување на своите права, должности и одговорности утврдени со Законот за основање на Агеницијa за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија и Статутот на Агенцијата, Советот донесува општи и поеднинечни акти.

Член 40

Општите и поединечните акти ги потпишува претседателот, односно заменикот на претседателот на Советот што претседавал на седницата на Советот.

Член 41

Општите и поединечните акти се објавуваат на огласната табла на Агенцијата.

Советот може да одлучи да се објават и определени насоки и заклучоци на Советот.

Советот за својата работа и ставови повемено ја известува јавноста преку медиумите.

III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото објавување на огласната табла на Агенцијата.

Република С.Македонија
Агенција за промоција и поддршка
на туризмот

Претседател на Совет,
Аркан Керим